# Македонија

# ВО ПРИЛЕП НАУЧНА АКАДЕМИЈА ПОСВЕТЕНА НА ФИЛИП II МАКЕДОНСКИ

**Оваа најславна македонска епопеја од времето на Филип Втори Македонски (382-336 г.пр.н.е.) и на Александар Трети Македонски, која неизбришливо го прослави името на Македонија и на Македонците и ден денес е метник на вечноста и со својот трновит, но блескав пат ни зрачи надеж и светлина за сите што се и кои се чувствуваат Македонци.**

**Канцеларија за врски на СМК за Прилеп**



# СПОМЕН-ОБЕЛЕЖЈЕ НА ГОЛЕМИОТ МАКЕДОНСКИ БАСИЛЕЈ

Во градот Прилеп, во организација на Канцеларијата за врски на СМК за Прилеп, на 24 ноември беше одржана научна академија посветена на Големиот македонски Басилеј Филип Втори Македонски. Претседателот на КВ на СМК за Прилеп, Милан Јовчески, во поздравниот говор истакна:

"Овој македонски Басилеј ни ја остави неуништливата филозофија на расцутот и распространетоста на македонската и македонистичката цивилизација, која денес се јавува како супстрат на најразвиените култури и цивилизации во светот. Оваа најславна македонска епопеја од времето на Филип Втори Македонски (382-336 г.пр.н.е.) и на Александар Трети Македонски, која неизбришливо го прослави името на Македонија и на Македонците и ден денес е метник на вечноста и со својот трновит, но блескав пат ни зрачи надеж и светлина за сите што се и кои се чувствуваат Македонци.

По подлото убиство на Големиот Филип во 336 г.пр.н.е. за време на големите свечености во Еге - најсветото место за погребување на сите македонски цареви и басилеји, неговиот син Александар Трети Македонски најенергично интервенирал против сите суети на т.н. елински градови-државички, а особено на Теба, која ја уништил до темел, како и против сите обиди на другите непријатели, штитејќи го интегритетот на македонската власт и зацврстувајќи го престолот на македонското царство во Пела.

Во нашиот архетип илјадници години се вцртани овие патеки на нашето минато, сегашност и иднина, затоа што Македонија е наша судбина.

Бог сакал да бидеме од Македонија, Бог сакал да бидеме Македонци и затоа треба да бидеме Македонци со високо кренати глави, независно од нашето социјално потекло, општествена положба, партиска припадност или верско уверување".

На научната академија беше утврдена Резолуција за спомен-обележје на големиот македонски Басилеј - Филип Втори Македонски, при што за таа цел се предлага локација во центарот на Прилеп, со изградба на импозантна биста на овој македонски Басилеј. Канцеларијата за врски на Светскиот македонски конгрес за Прилеп ќе ја спроведе процедурата за обезбедување на потребната документација пред надлежните органи, ќе обезбеди донација за спомен-обележјето и ќе ги преземе сите потребни мерки за реализација на овој проект.